Република Северна Македонија
**Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот**

рег. бр.: 02-628/11
датум: 09. 07. 2021

Invest NORTH MACEDONIA

Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија

Никола Вапцаров 7,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
тел: + 389 2 3100 111
факс: + 389 2 3122 098
е-маил: info@invest.gov.mk
веб страна: www. invest.gov.mk

Врз основа на член 11 став 1 точки 9 и 14 и член 12 став 1 од Законот за основање на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 57/10, 36/11, 41/14 и 64/18), член 52 став (1) од Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), в.д директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија на ден 09.07.2021 година донесе:

## ОДЛУКА

### за избор на кандидат по пат на Интерен оглас 1/2021 за пополнување на работно место со унапредување

1. За извршител на работно место Раководител на сектор за финансиска поддршка на инвестициите (државна помош) и контрола на извршување на договорите во Сектор за финансиска поддршка на инвестициите-државна помош и контрола на извршување на договорите, со шифра на работно место УПР 01 01 Б02 000 се избира кандидатот Стефанка Стојанова.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување и објавување на веб страната на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот.

2. Во рок од пет дена од конечноста на одлуката, ќе се донесат решенија за унапредување на административните службеници.

Образложение

На ден 25.06.2021 година е објавен Интерен оглас број 1/2021 на веб страната на Агенцијата за администрација и на веб страната на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот за унапредување на административни службеници во Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот.

Со Решение бр. 04-626/7 од 05.07.2021 година е формирана Комисија за селекција за унапредување по интерен оглас, која ја

спроведе постапката за селекција на кандидатите за унапредување. По спроведената постапка, Комисијата за селекција за унапредување изготви Записник од административната селекција за интерен оглас, број 04-626/8 од 07.07.2021 година и Записник од спроведување на интервју, број 04-626/9 од 08.07.2021 година.

Врз основа на Записникот од финалната ранг листа на интервјуираните Кандидати, за работно место Раководител на сектор за финансиска поддршка на инвестициите (државна помош) и контрола на извршување на договорите во Сектор за финансиска поддршка на инвестициите-државна помош и контрола на извршување на договорите, в.д. директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот донесе Одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката за веб страната на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот

**Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот**
**в.д Директор**
**Дејан ПАВЛЕСКИ**

Изработил: Лидија Пејиќ
Одобрил: Сузана Василевска

Доставено до:

-Избраниот кандидат;
-Архива;
-Одделение за управување со човечки ресурси